Американска стопанска комора
Северна Македонија

Залагање за дигитална трансформација:

Предлози за дигитализација на јавни услуги според потребите и перспективите на бизнис секторот

Скопје, ноември 2024

Американската стопанска комора во Северна Македонија е бизнис асоцијација на над 150 членки од најразличен спектар на бизниси, од мали претпријатија и локални компании до големи странски инвеститори, кои заедно обезбедуваат вработување за повеќе од 42.000 лица и остваруваат годишен приход повисок од 9 милијарди американски долари. Американската стопанска комора служи како платформа за застапување, вмрежување, размена на знаења и споделување најдобри практики со цел заедничко креирање на подобро деловно опкружување во земјата.

Американската стопанска комора во Северна Македонија е акредитиран член на Стопанската комора на Соединетите Американски Држави и на мрежата на Американски стопански комори во Европа, организација која претставува 49 Американски стопански комори од 47 земји во Европа и Евроазија.

## Вовед

Американската стопанска комора во Северна Македонија (АМЧАМ) ја препознава дигитализацијата како една од клучните области за обезбедување просперитетна економија и придобивки за целото општество. Оттука, ги поздравуваме иницијативите за дигитализација на јавните услуги на Министерството за дигитална трансформација и ја изразуваме нашата подготвеност да бидеме конструктивен партнер во остварувањето на овие напори.

Имено, корпоративниот сектор во Северна Македонија сè почесто го истакнува значењето на дигитализацијата, како и потребата од достапни и ефикасни јавни услуги, како фактор за креирање на конкурентна деловна средина што ќе овозможи полесна интеграција во Единствениот пазар на Европската Унија.

За таа цел, АМЧАМ спроведе анализа за идентификување на јавните услуги кои бизнисите ги сметаат за приоритетни за дигитализација. Анализата, која беше развиена како дел од втората конференција за дигитализација на АМЧАМ, содржи листа на предлози за дигитализација на клучните јавни услуги.

Целта на оваа анализа е да обезбеди применливи увиди за дигитализацијата на јавните услуги, одразувајќи ги потребите и перспективите на бизнис заедницата во Северна Македонија. Предлозите се резултат на консултативен процес спроведен во рамки на членството на АМЧАМ, во кој учествуваа компании од различни индустрии и големини.

Со усогласување на приоритетите на Владата на Северна Македонија за дигитализација на јавните услуги со потребите на приватниот сектор, оваа анализа треба да послужи како алатка за носителите на одлуки во дизајнирањето и имплементирањето на стратегии за приоритизација и забрзување на дигитализацијата на јавните услуги, со што ќе се унапреди и општеството во целост.

## Предлози

Во продолжение го споделуваме прегледот на јавните услуги за кои дигитализацијата е оценета како најпотребна, нагласувајќи дека за дел од овие услуги можеби е овозможено електронско поднесување на документи, но процесот сè уште не е целосно дигитализиран:

| Опис на услугата | Одговорна институција |
|---|---|
| • Издавање уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки<br>• Издавање уверение за состојба на остварен доход<br>• Издавање на потврда за даночен резидент (правно лице)<br>• Издавање на потврда за даночен резидент (физичко лице)<br>• Издавање на потврда за платен данок во Република Северна Македонија на правно лице - нерезидент<br>• Издавање на потврда за платен данок во Република Северна Македонија на правно лице – нерезидент<br>• Регистрација и дерегистрација на даночен обврзник, што вклучува и регистрација на проект<br>• Барање за издавање на решение за одобрување на даночно ослободување<br>• Барање за олеснување односно ослободување од данок на дивиденда<br>• Барање за пренасочување на средства<br>• Барање за пребивање на даночен долг со повеќе платен данок<br>• Барање за враќање на повеќе или погрешно платен данок<br>• Издавање на даночен број за странци врз основа на пасош<br>• Евидентирање промена на лични податоци | Управа за јавни приходи |
| • Издавање и продолжување на работна дозвола за странец | Министерство за внатрешни работи |
| • Пријава во работен однос на странско лице<br>• Промена на лични податоци на вработени<br>• Издавање листа на пријави и одјави на вработени<br>• Пријавување престанок на работен однос од деловни причини (технолошки вишок)<br>• Пријавување престанок на работен однос по основ на старосна/инвалидска пензија | Агенција за вработување |
| • Ажурирање податоци за вработени<br>• Издавање М4 листа за стаж<br>• Ажурирање лични податоци на осигуреници<br>• Поднесување барање за одобрување на пензија (старосна, инвалидска, семејна) | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување |

| | |
|---|---|
| • Воведување во здравствено осигурување на членови на семејство<br>• Продолжување на правото на боледување по сите основи<br>• Пријавување во здравствено осигурување на новороденче<br>• Рефундација на средства за користење здравствени услуги и лекови | Фонд за здравствено осигурување |
| • Спроведување постапка на утврдување на цени за лековите и медицинските помагала. | Министерство за здравство |
| • Акредитирање на студиски програми | Министерство за образование и наука |
| • Издавање сертификати за возачи за учество во меѓународниот патен сообраќај и за превоз на опасни материи | Министерство за транспорт и врски |
| • Издавање решение за утврдување на јавен интерес на дадена, односно примена донација/спонзорство | Министерство за правда |
| • Воведување можност нотарите да прават заверки на документи што се генерирани електронски и на дигитални потписи на документи | Нотаријат |
| • Издавање сертификати од калибрација и верификација | Биро за метрологија |
| • Поднесување на известување за извршен периодичен технички преглед на техничка опрема од страна на корисник<br>• Издавање решение за ставање во употреба на техничка опрема | Државен инспекторат за техничка инспекција |

Притоа, повторно потенцираме дека овие препораки се однесуваат на дигитализација на сите аспекти од горенаведените услуги, вклучително и аплицирање, следење на статусот на испорака на услуга, плаќање за услугата, доставување финален документ (решение, дозвола, лиценца и сл.) до корисникот на услугата.

Дополнително, посочуваме дека е од исклучителна важност да се инвестира во континуирана достапност на е-услугите, како на пример, вложување во одржување на хардверската и софтверска инфраструктура, современи механизми за сајбер безбедност, континуирана едукација и на вработените во јавната администрација, и на корисниците на услугите за испорака/користење на јавните е-услуги.